


**ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН**

3. Илинденската црква „*Свети Илија“,* како што милуваат да ја наречат љубанци, се наоѓа на источната страна на селото, до патот што води кон селото Брајчино, во Илиовска Маала. Годината на градењето на црквата не е позната, но има претпоставки дека е градена во XIX век, а подоцна била обновена. Во основата е еднокорабна. Оваа црква е собиралиште на сите мештани, иселеници, гости и дојденци на празникот Илинден, кога се одржува и свечена богослужба и од каде, всушност, почнуваат исленичките средби.

4. Црквата „*Свети Никола*“ се наоѓа во селото, во Пашариковска Маала, лоцирана на југоисточниот дел, на околу 200 метри под црквата Света Пречиста“. Изградена е во XV век што е одбележано на камен на влезот кон олтарчето лево. Обновена е во 1971 година. Таа е маалска црква, но за празникот свети Никола е посетена од жителите на селото.

5. Манастирската црква „*Свети Атанас*“ е заштитник на селото и е една од позначајните цркви на љубанци. Таа се наоѓа во Коријата, на ридот од јужната страна на селото на околу 700 метри, над полициската станица. Црквата е една од постарите, и е градена во XIV век. Ѕидовите се од камен, а покривот пред обновувањето беше со камени плочи. Оваа манастирска црква е опкружена со дабови стебла и претставува место за одмор и рекреација и еден вид видиковец. Таа е собиралиште за љубанци на свети Атанас на 31 јануари.

6. Манастирот „*Свети Петар и Павле*“ е еден од поубавите во Преспа. Тој се наоѓа на околу 800 метри над црквата „Свети Атанас“, сместена на една убава рамнина на висината која од сите страни е заградена со шума и стрмни падини. Од источната страна е вградена во голема карпа, која е искористена наместо ѕид.

За оваа прекрасна манастирска црква се знае дека е градена во 1923 година од браќата Никола и Јоше Стасовски од Љубојно. Постои интересно кажување од внукот на Никола за изградбата на црквата.

Имено, Никола во 1922 година бил во Америка. Таму една ноќ сонил сон во кој му дошол еден стар човек со долга брада и му порачал да изгради црква на местото каде што сега е изградена постојната црква и да и’ го даде името Свети Петар





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**